Република Северна Македонија
Државно правобранителство на
Република Северна Македонија

Republika e Maqedonisë së Veriut
Avokatura Shtetërore e Republikës
së Maqedonisë së Veriut

Производно услужно трговско друштво
СЕТЕК Се од Техника ДОО увоз-извоз
Бр. 0307-625-21
06.04.2021 год.
СКОПЈЕ

ДП бр. 02-15/21-4
29.03.2021 година

СКОПЈЕ

Државно правобранителство
на Република Северна Македонија
Бул. Гоце Делчев бр.18
1000 Скопје
Тел.02/3230-214,3230-217
Фах. 02/3229-351
e-mail. dpskopje@dprsm.gov.mk

## ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА ПЕРСОНАЛНИ КОМПЈУТЕРИ (ДЕСКТОПИ)

Склучен на ден 29.03.2021 година помеѓу договорни страни:

1. **Република Северна Македонија Државно правобранителство на Република Северна Македонија** Скопје ул. Гоце Делчев бр. 18 застапуван од Државниот правобранител на Република Северна Македонија Фехми Стафа во натамошен текст набавувач, и

2. **Производно услужно трговско друштво СЕТЕК се од техника ДОО увоз-извоз Скопје** со адреса : ул. 1523бр. 1 Скопје,
ЕМБС: 6469612, ЕДБ: 4057009501106 застапуван од одговорно лице Веко Темов, во понатамошен текст носител на набавката.

### ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

**Член 1**

Предмет на овој договор е набавка на 10 персонални компјутери , во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, по оглас бр 03302/2021 во ЕСЈН во електронска форма во постапка ЈН бр. 05-05/21, со спецификации наведени во техничката спецификација, која е составен дел на овој договор.

### ЦЕНА НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната цена на предметот на набавка изнесува 305.000,00 денари без вклучен ДДВ, односно 320.250,00 со вклучен ДДВ,а во цената на понудата се засметани сите составни делови, сите трошоци и попусти, која е составен дел на овој договор .

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажени во понудата ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавни набавки.

## РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 3

Набавувачот се обврзува плаќањето да го изврши во рок од 30 дена по доставување на фактурата односно од денот на приемот на фактура во Архивата на набавувачот.

## РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКАТА

### Член 4

Носителот на набавката е должен предметот на договорот наведен во Техничката спецификација да го испорача до Државното правобранителство на Република Северна Македонија на адреса Бул Гоце Делчев бр.18 во Скопје .

Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го испорача во рок од 10 дена од нарачката на стоките.

Носителот на набавката се обврзува дека предметот на договорот ќе го предаде во потполна функционална состојба.

Носителот на набавката за предметот на набавката дава гаранција од 36 месеци.

### Член 5

Доколку носителот на набавката задоцни со испораката во рокот определен во ставот 1, од член 4, од овој договор должен е на набавувачот да му плати договорна казна во висина од 0,5%, од вкупната цена определена со член 2, од овој договор.

Договорната казна од ставот 1, од овој член не може да надмине 5%, од вкупната цена определена со членот 2, од овој договор.

## ВАЖЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 6

Овој договор е со важност за период од една година сметано од денот на склучувањето на договорот.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 7

Кога една договорна страна нема да ја исполни својата обврска определена со овој договор, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски

на другата договорна страна, го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

## ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 8

За се што не е договорено со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за обликационите односи и Законот за јавни набавки.

### Член 9

За решавање на сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои не можат да се решат спогодбено, ќе биде надлежен Основен Граѓански суд Скопје .

### Член 10

Овој договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја договорна страна задржува по две примерока.

Изработил: Генерален секретар **Андријана Сливоска**

| НАБАВУВАЧ | НОСИТЕЛ НА НАБАВКА |
| --- | --- |
| Република Северна Македонија<br>Државното правобранителство на<br>Република Северна Македонија<br>Државен правобранител На<br>Република Северна Македонија<br>**Фехми Стафа** | Производно услужно трговско<br>друштво<br>СЕТЕК се од техника ДОО увоз-извоз<br>Скопје<br><br>**Одговорно лице**<br>**Веко Темов** |